Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 2815 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** redовен

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за производство трговија и услуги СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ експорт - импорт с.Миладиновци Илинден - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 07.04.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија".

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите".

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

4.4. член 143 – „Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права".

4.5 член 144 став 1 – „Оператор кој реемитува програмски сервиси може да воспостави интерен телевизиски канал на кој ќе објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува. Обезбедувачот на

програмскиот пакет е должен излезниот сигнал на интерниот телевизиски канал да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето".

**5. Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ експорт- импорт с.Миладиновци Илинден - аналоген пакет е констатирано дека овој оператор не ја нуди услугата – пренос и реемитување на програмски сервиси.

Според ова Агенцијата не беше во можност да направи снимка во просториите на СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ експорт - импорт с.Миладиновци Илинден.

На ден 06.01.2015 година Друштвото за производство трговија и услуги СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ експорт - импорт с.Миладиновци Илинден ја извести Агенцијата дека е извршена промена на сопственичката структура и дека новиот сопственик на овој оператор е БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, но до денот на извршување на овој програмски надзор нема доставено известување дека престанал да ја врши дејноста.

**6. Предлог:**

Агенцијата да побара од операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство трговија и услуги СИСТЕМ КАБЕЛ ДООЕЛ експорт - импорт с.Миладиновци Илинден да достави известување дали ја врши дејноста пренос и реемитување на програмски сервиси.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**